Роберт Митевски

# Третата страна на македонските одликувања

Robert Mitevski

# The Third Side of the Macedonian Decorations




**Указот за доделување на Орден на Република Македонија на Борис Трајковски/ Decree for decorating Boris Trajkovski with the Order of the Republic of Macedonia**




**Предлог за минијатурните ленти за ордените и медалите во систем со 5 редови/ Proposal for the ribons of Orders and Medals in the 5 class system**

Придружните елементи на сите државни одличија во светот се нешто без коешто приказната за ордените и медалите е далеку од целосна. Позната е фалеристичката реченица „Орденот е комплетен – има кутија, указ и минијатура“.

Македонскиот ордениски ситем беше замислен и делумно реализиран по моделот на европските стандарди, воспоставени од Наполеон Бонапарта, којшто се состои од систем на максимално петоредно степенување на орденот во редови, како и од правила за начинот на носење на орденот или неговата минијатура или малата орденска лента во разни ситуации итн.

**Продолжува на стр. 4**

Additional items of all State decorations in the world are something without which the story of the Orders and Medals is far from complete. The famed phaleristic sentence says “An order is complete, it has a box, miniature and decree.”

The Macedonian order system was conceived and partly realized modeled on European standards established by Napoleon Bonaparte. It consists of a system of grading of the orders in five ranks, and rules on how to wear the badge, its miniature or the small ribbon in various situations and so on.

**Continues on p. 4**




**Кутиите за ордените и медалите/ The Boxes of the orders and medals**

# Третатата страна на македонските одликувања

Продолжува од стр. 2

Медалите од последниот и претпоследниот ред се носат на лента. Третиот ред се носи на лента околу врат, а вториот и првиот ред на триаголна лента, закачена на гради. За дамите, орденот се доделува со лента што е врзана во вид на 'лептир-машна'. Мечевите што се аплицирани на орденитe се доделувани во војна.

Во 2002 год. е донесен Законот за одликувања и признанија на Република Македонија (Сл. весник на РМ 48/2002). На 18.10.2004 год., формирана е Комисија за одликувања и признанија од 12 члена, со која претседаваше акад. Цветан Грозданов. Во ноември 2004 год. беше распишан конкурс за идејни решенија. Во декември 2004 год., Комисијата за вреднување на идејните решенија, со која претседаваше акад. Томе Серафимовски, ги избра идејните решенија за одличијата од 243 пристигнати ликовни творби (Сл. весник на РМ 11/2005). Во март 2005 год. беше избран изведувач – ковачницата ГСГ Ексклузив од Скопје.

По извршениот избор на конкретните решенија од страна на комисијата, за петте ордени и двете медали се наметна потребата од дизајнирање и ставање на нивните придружни елементи (кутии, мали и голи орденски ленти, указни повелби, тоболец, како и техники на изработка и материјали за истите) во стандардизираните европски фалеристички правила и метрички норми. Креатори на придружните елементи се професорот Александар Цветковски (уметник) и фалеристот Роберт Митевски (новинар). По изборот на финалните решенија и позитивната оценка од надлежните европски структури за изборот и стандардите на придружните елементи, Комисијата за верифицирање на идејните решенија ја заврши својата работа и се пристапи кон техничка изработка или со други зборови кажано – раѓањето на првите македонски одличија.

Законските решенија предвидуваа македонските ордени и медали да бидат во еден ред, но крајно време е да се собере сила и да се направи квалитетно рангирање на одличијата во класи и редови.

Ордените за заслуги, Илинден 1903 и 8-ми Септември, се од типот на орденски ѕвезди и немаат на себе лента. Тие поседуваат само мала орденска лента што е изработена од маорирана свила, во варијации на црвена, жолта и бела боја. Малата орденска лента има стандардизирани димензии од 35 мм на 15 мм. Вертикалните варијации на боите, различни од основата, се со ширина од два милиметра. На лентите од реверсната страна има безбедносна игла за прикачување. Орденот за воени заслуги

# The Third Side of the Macedonian Decorations

Continues from p. 2

The medals for the lowest and next rank are worn with a ribbon. The third rank is worn suspended from a ribbon around the neck, and the next higher and highest ranks are attached on a triangular strip worn on the chest. For ladies, the medal is awarded with a ribbon tied in a bow style. Swords applied to medals awarded in war-time.

In 2002. the Law on the awards and recognitions of the Republic of Macedonia was adopted (Official Gazette of RM 48/2002). On 18.10.2004 a Committee on Awards and Recognitions of 12 members was established, chaired by academician Cvetan Grozdanov. In November 2004 a competition for designs was held. In December 2004 the Commission for evaluation of the designs which was chaired by academician Tome Serafimovski chose the winning designs for the awards out of 243 incoming artistic creations (Official Gazette of RM 11/2005). In March 2005 a contractor was chosen - the mint GSG Exclusive Skopje.

After the selection of specific designs for five orders and two medals by the commission, the need of designing and making their accompanying elements arose (boxes, small and bare order tapes, decree charters, the quiver, as well as the techniques of construction and materials) following the standardized European phaleristic rules and metric standards. The creators of the accompanying elements were prof. Aleksandar Cvetkoski (artist) and phalerist Robert Mitevski (journalist). After the selection of the final solutions and the positive evaluation from the relevant European structures about the process of adoption and the standards for selection of accompanying elements, the verification commission completed its work and technical work began to develop the awards, in other words - the birth of the first Macedonian decorations.

The legal solution prescribed Macedonian Orders and medals to rank equally in status, but it is high time to summon the strength and make a qualitative ranking of the awards in classes and ranks.

The three Orders of Merit, Ilinden 1903 and 8th September take the form of Order Stars worn on the breast. Each has a small service order ribbon (worn with a uniform) made of silk in variations of red, yellow and white. This service order ribbon has standard dimensions of 35mm by 15 mm. Vertical variations of the different colors of the foundation have a width of two millimetres. On the reverse of each ribbon there is a safety pin for attachment.

The Order of Military Merit is a single class Order

и медалите за заслуги и за храброст се носат на триаголна лента, со димензии од 40 мм по триаголна страна. Лентата е аплицирана на одличијата со алка. Исто така, и тие имаат мали орденски ленти согласно со законската стандардизација. Кутиите за овие одличија се изработени од темнокафена телешка кожа, со димензии 12 см на 16 см и 3,5 см длабочина. На кутиите во златопечатна техника е испишано името на орденот или медалот. Се доделуваат заедно со мала орденска лента и соодветен административен документ, којшто нема каков било фалеристички интерес за опишување. За жал, Република Македонија сè уште нема изработено минијатури за ниту еден орден или медал.

Највисокото државно одличие, Орденот на Република Македонија, се носи на црвена лента од маорирана свила, што е широка 10 см, на чиишто краеви има две златно-жолти ленти што се широки пет милиметри. Лентата е со вкупна должина од 188 сантиметри. На крајот на лентата има аплицирана црвена двојна розета со димензии 20 на 20 сантиметри – местото каде што се аплицира орденската ѕвезда. Орденскиот знак пак се носи околу вратот на ѓердан. Кутијата во којашто се доделува орденот е изработена од темнокафеава телешка кожа, со димензии 25 на 45 см и длабочина од 6 см. На неа, со техника златопечат е испечатено „Орден на Република Македонија". Тоболецот во којшто се доделува указот за одличието е исто така во кожена изведба, но со светлокафена боја. На него, во златопечат е испечатено Орден на Република Македонија, и има димензии 8,5 см со 38 см.

Повелбата за доделување на највисокиот државен орден има димензии 32 на 45 см. Изработена е од пергаментна хартија со светлосини и виолетови орнаменти, на бледо жолтеникаво-бела основа. Во горната третина е аплицирана контурата на орденската ѕвезда во оригиналниот дезен и боја. Недостасува сув или восочен жиг, а наместо нив, на самата хартија има испечатено надолжна апликација на црвено-жолта лента со црвен круг во средината на лик на восочен печат, во којшто е државниот грб на Република Македонија. Околу него, со бели букви стои натписот Република Македонија – Претседател на Република Македонија.



**Кутијата за орденот на воени заслуги/ The box of the Order for Military Merit**

for exceptional merit in national defence and security. The badge of the Order is suspended from two silver swords in saltire surmounted with a gold oak sprig. It is worn suspended from a neck ribbon which is white with yellow-red-yellow edge stripes. The service ribbon of the Order is of the same colours. Medals for merit and courage are worn suspended by a link from a triangular ribbon with dimensions of 40mm by side. They also have small service order ribbons according to the legal standards. The boxes for these awards are made of dark brown calfskin with dimensions of 12cm by 16cm and 3.5cm depth. On the box the name of the award is inscribed in gold seal technique. They are awarded along with an appropriate administrative document that is of no phaleristic interest to describe. Unfortunately, the Republic of Macedonia has not yet made any miniature for any decoration or medal.

The highest State award is the Order of the Republic of Macedonia. It is a single class Order. The badge of the Order is circular 100mm in diameter and is worn on a 10cm wide riband, of red silk edged yellow, across the shoulder. The riband has a total length of 188 centimetres and has at its end on the hip a double red rosette measuring 20cm to which the badge is applied. Another copy of the badge is worn on the breat. The box in which the Order is awarded is made of dark brown calfskin with sizes 25 by 45cm and a depth of 6cm. On it, the words "Order of the Republic of Macedonia" are imprinted in gold seal. The quiver in which the decree is granted is also in a leather version but with a light brown color. On it is imprinted "Order of the Republic of Macedonia" in gold seal and with dimensions of 8.5cm by 38cm.

The Charter for granting the highest State order has dimensions of 32 by 45 cm. It is made of parchment paper with light blue and purple ornaments and a pale yellowish-white background. On the upper third the contour of the order star is applied in the original pattern and color. A dry or wax seal is not present; instead, a longitudinal application of a red and yellow ribbon with a red circle in the middle is printed, in the form of a wax seal in which the Arms of the Republic of Macedonia is present. Around it there is a white letter inscription "Republic of Macedonia - President of the Republic of Macedonia."